# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА СКРИПТАТА СО НАСЛОВ „ФИНАНСИСКИТЕ ИНОВАЦИИ КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ“ ОД Д-Р МАРИЈА ГОГОВА-САМОНИКОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1702-100/4, донесена на 76. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, одржана на 9.4.2014 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Ристо Фотов, професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и
– доц. д-р Весна Ѓеоргиева-Свртинов – професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (скрипта) со наслов *„Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции“* од д-р Марија Гогова-Самоников, наменета за студентите од прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно - научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - скрипта „Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции” од д-р Марија Гогова-Самоников претставува една заокружена целина на материјата поврзана со анализа на финансиските пазари и институции, како и влијанието на финансиските иновации на работењето на финансиските институции, која студентите ја изучуваат по предметот Финансиски пазари и институции. Скриптата е наменета за изучување од страна на студентите од втора студиска година (трети семестар) на студиските програми: Финансиски менаџмент; Сметководство, финансии и ревизија; Банкарство, финансии и осигурување, каде што предметот Финансиски пазари и институции се јавува како задолжителен (со неделен фонд на часови 2+2+1).

**Податоци за обем на ракописот.** Скриптата содржи 120 страници, со доста табели, графикони и практични примери кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа проблематика. На крајот од скриптата се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на финансиските пазари и институции и финансиските иновации. Трудот е пишуван во А4 формат, со единечен проред, а употребен е фонт Times New Roman, големината на буквите е 12. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на умешност во препознавање на податоци за работењето на финансиските институции и употребата на финансиските иновации во современите текови на опкружување на финансиските системи. Користењето на различните методи, техники и показатели за согледување на постојната финансиска структура со институции и инструменти, но и опкружувањето на финансиските системи овозможува да се направи и увид во тоа како овие системи се развиваат, еволуираат и како ги применуваат новите

методи и начини на работа предизвикани од општествениот развој. Значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоките Финансиски менаџмент, Банкарство финансии и осигурување, како и од Сметководство, финансии и ревизија, со оглед на фактот што знаењата добиени со оваа анализа претставуваат моќно средство кое финансискиот менаџмент го користи во успешното управување и водење на финансиските институции. Не само тие, туку и сите останати стеикхолдери (вработени, држава, широка јавност) ги користат истите како основа во донесување на рационални одлуки за алокација на капиталот. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот.** Содржински, трудот е конципиран во четири посебни глави, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Во првата глава е обработено современото опкружување на финансискиот сектор. Акцентот е поставен на техничко-технолошкиот развој и глобализацијата. И двата процеса се детално објаснети кога се појавуваат и како тие влијаат на финансискиот систем.

Во втората глава од материјалот се обработени прашања во врска со поимот, видовите и карактеристиките на финансиските системи. Конкретно станува збор за финансиските институции и финансиските инструменти, нивно дефинирање и определување како тие функционираат во финансиската структура, денес.

Третата глава е посветена на современите пристапи кои ги развиваат финансиските структури (од втората глава) под дејство на влијанијата од опкружувањето (разработени во првата глава). Акцентот е ставен на електронските финансии, посебно концентрирајќи се на електронските финансии, потоа финансискиот маркетинг и потребата од постојано ажурирање, како на инструментите со кои се работи, така и на методите со кои работат финансиските институции.

Во четвртата глава се прави осврт на состојбите во Република Македонија. Анализиран е финансискиот пазар, со сите институции кои функционираат во Македонија и инструментите со кои се работи на македонскиот финансиски пазар. Се прави анализа на банкарската и берзанската структура, а детално е разработен и аспектот за тоа колку и како се применуваат финансиските иновации во оваа економија во развој.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката на влијанието на финансиските иновации врз работењето на финансиските институции, сметаме дека е постигната главната цел на авторите – да им помогнат на студентите да ја разберат суштината, предметот на обработка и различните методи и техники кои оваа анализа ги користи, и она што е посебно важно, преку илустративните примери содржани во материјалот, да можат практично да ја осознаат техниката на согледување на финансиските структури и нивната еволуција како резултат на општествените и техничко-технолошки опкружувања.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следното:

## М И С Л Е Њ Е

Учебното помагало - СКРИПТА ФИНАНСИСКИТЕ ИНОВААЦИ КАКО ПРЕДИЗВИК ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ од д-р Марија Гогова-Самоников претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со анализа на финансиските пазари и институции. Авторката направила успешна комбинација на теоретскиот и аспектот на проблематиката, кој допрва произлегува како предизвик пред финансиските институции, со цел да ја доближат предметната материја до студентите и да им помогнат да научат како оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне

за полесно разбирање и имплементација на новите принципи, методи и техники за работа во една финансиска структура.

Со оглед на големото значење за согледување на работењето на финансиските институции и разликите кои тие ги имаат меѓу себе, како и на кој начин тие тековно треба да се адаптираат како на побарувачките интереси, така и на опкружувањето сметаме дека трудот ќе даде голем придонес како за студентите, така и за пошироката стручна јавност. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет да му предложиме учебното помагало (скрипта) со наслов „Финансиските иновации како предизвик за функционирањето на финансиските институции” од д-р Марија Гогова -Самоников да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристо Фотов, с.р.**
**Доц. д-р Весна Ѓеоргиева-Свртинов, с.р.**